НА ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА

# Кемал Монтено со награда за животно дело



Кемал Монтено наградата ја добива поради хитот "Кој да ти каже Ивана"

Босанскиот кантавтор Кемал Монтено ќе добие награда за животно дело на Златна бубамара на популарноста, манифестација-та која ќе се одржи на 23 февруари, в среда, во Универзалната сала во Скопје.

Монтено ја добива награда поради неговите љубовни песни кои спојија неколку генерации, честите гостувања во Скопје и Македонија. Најголема причина за наградата е песната "Кој да ти каже Ивана", која ја испеа на "Макфест" во 1987 година, а стана евергрин.

"Сите со нетрпение го очекуваат најновото издание на Златна бубамара на популарноста, манифестација која предизвикува најголем интерес кај гледачите и луѓето од јавниот живот. Најавниот спот кој дискретно се емитува на медиумите ја подгрева атмосферата, ги повикува сите бунтовници и револуционери, носталгичари, преродбеници и пасивни гледачи да дојдат во Универзална сала без број, да се смеат и аплаудираат, под мотото ´Водете љубов, а не политика´. Кој ќе ја добие Златната бубамара и колку многу добра енергија ќе размениме и оваа година, останува да видиме в среда", вели организаторот Ранко Петровиќ.

ТВ-гледачите ќе ја следат снимката следниот петок, на 25 февруари, на "Канал 5" во 20 часот. **(М. Џ.)**